**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-217**
**13.04.2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 6 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а согласно Доставената документација од Адвокат Ненад Милинкович (наш арх.бр.08-1556/2 од 07.04.2021 година) и тоа: Електронски издаден документ – Тековна состојба за Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово – во ликвидација (ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ Куманово), издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ) на 02.03.2021 година, Електронски издаден документ – Објава од ЦРРСМ со деловоден број 35020210005804 за упис на ликвидациона постапка од 10.03.2021 година и Електронски издаден документ – Решение од ЦРРСМ со деловоден број 35020210007896 од 30.03.2021 година, за запишување бришење на ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово во надлежниот регистар и Заклучокот арх.бр.02-1589/8 од 12.04.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година, донесе:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово (сега Трговско радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово - во ликвидација).

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

На 05.04.2021 г., во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ), Секторот за стратешко планирање и авторски права достави Службена белешка (наш арх. бр.08-1556/1 од 05.04.2021 г.) дека во врска со обврската на радиодифузерите за доставување податоци за сопственичката структура, уредниците и економското работење во претходната година (член 15 став 1 од Законот за медиуми), на 05.04.2021 г. оствариле телефонски контакт со лице од ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово, при што биле информирани дека овој радиодифузер престанал да емитува радио програма. По извршената проверка на податоците во интернет дистрибутивниот систем на ЦРРСМ, констатирано е дека овој радиодифузер веќе не постои (избришан). Кон Службената белешка доставен е Електронски издаден документ со бр.0805-50/150020210140960 од 05.04.2021 година согласно кој ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово, на 30.03.2021 г., е избришан од ЦРРСМ, со причина за престанок - по пат на ликвидација, а основ за бришење поради

неликвидност во работењето и сервисирање на обврските кои би настанале доколку ова друштво остане во правниот промет.

На 07.04.2021 г., од страна на Адвокат Ненад Милинкович, по пат на електронска пошта доставена е документација (наш арх.бр.08-1556/2 од 07.04.2021 г.) и тоа: Електронски издаден документ – Тековна состојба за ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово – во ликвидација, издадена од ЦРРСМ на 02.03.2021 г., Електронски издаден документ – Објава од ЦРРСМ со деловоден број 35020210005804 за упис на ликвидациона постапка од 10.03.2021 г. и Електронски издаден документ – Решение од ЦРРСМ со деловоден број 35020210007896 од 30.03.2021 г., за запишување бришење на ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово во надлежниот регистар. Согласно електронски издадениот документ - Објава од 10.03.2021 година, ликвидаторот Аљбина Велији, објавува дека со Решение на Централниот регистар деловоден бр.35020210004833 од 02.03.2021 г., субјектот на упис - Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово – во ликвидација, со ЕМБС 6394817 е во ликвидација. Видно од електронски издадениот документ - Решение со деловоден број: 35020210007896 од 30.03.2021 г., на ЦРРСМ, во надлежниот регистар се запишува бришењето на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово.

Согласно член 85 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон, ако настапи ликвидација на имателот на дозволата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, за престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон Советот не носи Одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 6 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Доставената документација од Адвокат Ненад Милинкович (наш арх.бр.08-1556/2 од 07.04.2021 година) и тоа: Електронски издаден документ – Тековна состојба за ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово – во ликвидација, издадена од ЦРРСМ на 02.03.2021 г., Електронски издаден документ – Објава од ЦРРСМ со деловоден број 35020210005804 за упис на ликвидациона постапка од 10.03.2021 г. и Електронски издаден документ – Решение од ЦРРСМ со деловоден број 35020210007896 од 30.03.2021 г., за запишување бришење на ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово во надлежниот регистар и Заклучокот арх.бр.02-1589/8 од 12.04.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово – во ликвидација;
- Аљбина Велији, овластено лице/ликвидаторот на ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.